


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

# КОН РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

## Перспективите на руралните жени кон националната политика за земјоделство и рурален развој

Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска
Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
14.6.2023

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden Sverige

UN WOMEN

# Мотив и цел

- ✓ Во 2021 година, само 28,52% од имотите во Република Северна Македонија се на жени, додека 71,48% се на мажи (МТСП, 2022), при што многу мал процент од жените се сопственици на имотни права, имено 4,07% од жените се сопственици на имот, наспроти 95,9% од мажите; кај 21,96%, нивните родители се сопственици на имотот.
- ✓ Во однос на **сопственоста на земјиштето**, 12,01% од жените се сопственици на земјиште, а 87,99% од мажите се сопственици на земјиште. Помалку од 10% од жените се активно вклучени во процесот на одлучување за активностите поврзани со земјиштето (Nacka et al., 2019).
  - ✓ **Дали се запознаени со земјишната и даночната политика во земјата?**
- ✓ Во моментов, **недостатокот на почетен капитал** е значајна бариера за развој на одржливи бизниси особено во руралните области.
- ✓ **Националните програми за земјоделство и рурален развој, како и ИПАРД** се отворени за сите жени кои поднесуваат барања; сепак, **мажите продолжуваат да се појавуваат како почести корисници** на институционалната и финансиска поддршка.
  - ✓ **Дали се запознаени со инвестиционо-кредитната политика, како и политиките и програмите за земјоделство и рурален развој?**
- ➢ **Целта на овој дел од студијата е да се проценат нивните перспективи во однос на тековните мерки на националната политика и дали таа политика ги таргетира нивните потреби.**

# Метод на работа

- ✓ **Директна анкета за ставовите на 103 жени**, преку структуриран прашалник, обработени со примена на дескриптивна статистика, реализирана во 2021 година
- ✓ Фокус на:
  - Земјоделски политики – општо
    - земјишната политика
    - даночната политика
    - инвестиционо-кредитната политика
    - политиката за уредување на пазарите
    - политиката за директни плаќања
    - политиката за рурален развој
    - Инструмент за претпристапна помош за рурален развој – ИПАРД
    - Законот за земјоделство и рурален развој како основа за политиката
  - Мерки од Програмите за директни плаќања и рурален развој

# Социо-економски аспекти на примерокот

- ✓ **Просечната возраст** на интервјуираните жени е 48 години, со 17 години во земјоделското производство;
- ✓ Најголем дел од интервјуираните жени **(94%) се носителки на земјоделското стопанство**, како и индивидуални земјоделки меѓу кои земјоделките регистрирани според Законот за вршење на земјоделска дејност доминираат во примерокот (40%);
- ✓ Сè уште преовладува **средното образование кај руралните жени** (59% од вкупниот примерок), но опфатени се и жените со високо образование (21%);
- ✓ За најголем дел од интервјуираните жени, **земјоделството е главен извор на приход** за домаќинството (73%).












# Социо-економски аспекти на примерокот

- ✓ 86% од жените **не се членки на групи на производители**;
- ✓ 47% од интервјуираните жени **водат сметководствена евиденција на фармата**.



# Перспективи за различни политики од значење за руралните жени

## Запознаеност со различни политики кои се однесуваат на руралните жени




- ✓ 37% **користат државно земјоделско земјиште под закуп** (63% не користат);
- ✓ 86% **плаќаат даноци за земјоделското стопанство**;
- ✓ 83% **реализирале инвестиции** во последните пет години;

### Видови средства за инвестиции



# Перспективи за различни политики од значење за руралните жени



# Политика за директни плаќања




- ✓ 99% од интервјуираните жени се **запознаени со директните плаќања**.
  - ✓ 94% од нив не учествуваат во дефинирање на потребите за нови мерки;
  - ✓ **6% индиректно учествуваат** преку членување во асоцијации, здруженија, задруги, или преку членство во работни групи во МЗШВ.

# Политика за рурален развој




- ✓ 99% од интервјуираните жени се **запознаени со мерките за рурален развој**.
  - ✓ 94% од нив не учествуваат во дефинирање на потребите за нови мерки;
  - ✓ **6% индиректно учествуваат** преку членување во асоцијации, здруженија, задруги, или преку членство во работни групи во МЗШВ.

# Заклучоци

- ✓ Руралното население се соочува со недоволно развиена инфраструктура и ограничена понуда на јавни услуги во сите рурални региони, поради што силно изразена е внатрешната миграција, младите жени во руралните средини често не ја гледаат својата иднина во земјоделството и веројатно ќе ги напуштат руралните области доколку не се понудат нови економски можности и вработување.
- ✓ Значителен дел од нив ќе продолжат да се занимаваат со земјоделско производство и планираат инвестиции на фармата, но недостигот на почетен капитал е најчеста бариера, а за инвестицијата најголем дел од нив користат сопствени средства.
  - ✓ Можна причина: недоволна запознаеност со можностите за користење други извори на средства (пристап до капитал), иако значителен дел од нив за запознаени со мерките за рурален развој и ИПАРД.
- ✓ Најголем дел жените фармери се зависни од директните плаќања – за овие мерки изразуваат најголема информираност и сметаат дека се родово-одговорни и поттикнуваат женско претприемништво.
- ✓ Жените кои членуваат во групи на производители (НФФ, Асоцијации и сл.) имаат поголем придонес во креирањето на земјоделските политики и програми.
- ✓ Континуирана едукација на жените од руралните средини ќе придонесе кон нивно зајакнување.

# Ви благодарам за вниманието!

**Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска**
**ijaneska@fznh.ukim.edu.mk**